ДОБРОВОЛНО
ПРОТИВПОЖАРНО
ДРУШТВО
СВЕТИ НИКОЛЕ

# ГИ УЧИМЕ НАЈМЛАДИТЕ ЗА ОПАСНОСТИТЕ И ПОСТАПКИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ ПОЖАРИ

Norway

SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

CPCD
Centar za promociju civilnog društva

CRPM
Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

IDM
Institute for Democracy and Mediation
Instituti për Demokraci dhe Ndërmjetësim
















# ЗА ПРОЕКТОТ

Проект: „Ги учиме најмладите за опасностите и постапките за безбедност при пожари" во рамките на проектот СМАРТ Балкан – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, кој го спроведува Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) во партнерство со Centar za promociju civilnog drustva (CPCD) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), финансиски поддржан од Министерство за надворешни работи на Кралството Норвешка.

# ШТО ЌЕ УЧИМЕ



- Што е пожар?
- Кои услови се потребни да се појави пожар?
- Што може да предизвика пожар во вашиот дом, училиште, спортска сала, кино и др.?
- Како правилно да го напуштиме објектот, следејќи го Планот за евакуација?
- На кои броеви да ги повикаме пожарникарите?
- Како правилно да постапиме ако ни се запали облеката?
- Што се детектори за чад?
- Како изгледаат и каква е намената на различните противпожарни возила и опрема?









# ШТО Е ПОЖАР?

Пожар е неконтролирано горење на материи кои намерно или од невнимание го предизвикува човекот или се јавува како резултат на природни билошки, физички или хемиски процеси.

**ПОЖАРОТ Е МНОГУ БРЗ, СТРАШНО ЖЕЖОК, ТЕМЕН И МНОГУ ОПАСЕН ПО ЧОВЕКОТ!!!**

» **НАЈДОБАР НАЧИН ДА ГО КОНТРОЛИРАМЕ ПОЖАРОТ Е НИКОГАШ ДА НЕ МУ ДОЗВОЛИМЕ ДА ЗАПОЧНЕ!!!**

# ПОЖАРОТ Е ХЕМИСКА РЕАКЦИЈА И ЗА ДА НАСТАНЕ СЕ ПОТРЕБНИ ТРИ ЕЛЕМЕНТИ:

**КИСЛОРОД**
Е ВОЗДУХОТ НАСЕКАДЕ ОКОЛУ НАС, ТОЈ Е ГЛАВНА ХРАНА ЗА ПОЖАРОТ.

\+

**ТОПЛИНА**
Е ПРОИЗВОД ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА: КИБРИТЧИЊА, ЗАПАЛКА, ГРЕАЛКИ, ОГНОМЕТ, СКАРА И ДР.

\+

**ГОРИВО**
Е МАТЕРИЈАТА КОЈА ГОРИ: ДРВО, ХАРТИЈА ПЛАСТИКА, ОБЛЕКА, МЕБЕЛ, БЕНЗИН И ДР.




# ПОЖАРЕН ТРИАГОЛНИК

**КИСЛОРОДОТ**, **ТОПЛИНАТА** и **ГОРИВОТО** се елементи, кои го создаваат пожарот, ова пожарникарите го нарекуваат „ПОЖАРЕН ТРИАГОЛНИК“.

**ЗАПОМНЕТЕ**: Ако една од овие три елементи се отстрани (елиминира) од триаголникот, НЕМА ДА ДОЈДЕ ДО ПОЈАВА НА ПОЖАР, ОВА Е РАБОТА НА ПОЖАРНИКАРИТЕ ИЛИ НА ОБУЧЕНИ СТРУЧНИ ЛИЦА.





# ШТО МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКА ПОЖАР ВО ВАШИОТ ДОМ?





Невнимание при готвење



Вклучување на повеќе електрични уреди



Пушење – фрлање на отпушок



Печки на дрва, јаглен, пелети и греалки



Палење на свеќи



Палење на кибритчиња и запалки

# ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИТЕ АКО ВАШАТА ОБЛЕКА СЕ ЗАПАЛИ?



1.



## 1. ЗАСТАНИ

Не трчај наоколу. Иако е навистина тешко да не се паничи, трчањето ќе го разгори пламенот и ќе направи побрзо да ви изгори облеката.

## 2. ЛЕГНИ

Легнете на подот (земја), оваа постапка го отежнува ширењето на пламенот



2..

## 3. ТРКАЛАЈ СЕ

Покриј ги очите и тркалај се неколку пати напред, неколку пати назад.

3...



Ова го задушува пламенот со спречувањето кислородот да дојде во контакт со огнот.

# КАКО ТРЕБА ДА ПОСТАПИТЕ АКО ВО ПРОСТОРИЈАТА ИМА ЧАД?

» Покриј ги носот и устата со едната рака и почни да ползиш до најблискиот излез (врата).

» Провери ја вратата да не е топла со надворешниот дел од раката, за да не си ја изгориш дланката, што ќе го отежни понатамошното ползење.

» Ако вратата е топла значи дека просторијата е опожарена, во тој случај продолжи да бараш друг излез, но ако не најдеш чекај ги пожарникарите.





## КАКВИ СЕ ТЕМПЕРАТУРИТЕ ВО ПРОСТОРИИТЕ?

» Температурата во просторија во под таванскиот простор може да достигне преку 600°C (Целзиусови) што е повеќе од доволно жешко за да ја стопи вашата облека и многу сериозно да ви ја изгори кожата. Затоа во случај на пожар треба да ползите, бидејќи температурата во просторијата е најниска до 80см (сантиметри) над подот и истата е околу 60°C (Целзиусови).

# КОИ ПОСТАПКИ НЕ ТРЕБА ДА ГИ ПРАВИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР?

1. Во случај на пожар, ако сте го напуштиле местото, никогаш **НЕ СЕ ВРАЌАЈТЕ НАЗАД ВО ОБЈЕКТОТ!!!**
2. Во случај на пожар, никогаш **НЕМОЈТЕ ДА КОРИСТИТЕ ЛИФТ!!!**
3. Во случај на пожар, никогаш не треба да **ОТВОРАТЕ** врата во објектот без претходно да проверете дали е жешка и да протекува чад од истата!!!
4. Во случај на пожар, не треба да се **КРИЕТЕ** под кревет или во плакар.
5. Во случај на пожар, никогаш не треба да ги **КРШИТЕ ПРОЗОРЦИТЕ**.



# ПЛАН ЗА НАПУШТАЊЕ (ЕВАКУАЦИЈА) НА УЧИЛИШТЕТО

» Оди до излезот предвиден за твоето одделение според **Планот за евакуација**.

» Не го трошите времето на тоа што се случило или евентуално да собирате предмети кои многу ви значат.

» **ВЕДНАШ** излезете и јавете се на **193** или **112**!!!



# ПЛАН ЗА НАПУШТАЊЕ НА ДОМОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР

» По можност соберете се сите во една просторија.

» Ставете постелнина (**крпи, чаршави, перници, ќебиња** и сл.) која ви е достапна и ставете ја околу дното и сите процепи на вратата за да го спречите навлегувањето на чадот во просторијата.

» Отворете го прозорецот за да влезе свеж воздух и викнете „**ПОЖАР, ПОЖАР, ПОМОШ, ПОЖАР...!!!**“

» Доколку се работи за објект што не е многу висок, почнете со евакуација **прво со децата**.

» Во случај кога не сте во можност да го напуштите објектот, јавете се на **193** или **112** и почекајте да пристигне противпожарната служба.

# ДЕТЕКТОРИ (АЛАРМИ) ЗА ЧАД

» Детекторите за чад се користат за откривање на чад во воздухот во просторијата во која се наоѓате и за вас и вашите другари или семејство се рано предупредување за настанување на **ПОЖАР**.

» Треба да има **минимум еден детектор за чад** на секој спрат од куќата, а во училиштата и другите јавни објекти во секоја просторија (училница).

» Секогаш бидете „**ХЕРОЈ**“ за заштита од пожари во вашиот дом или училиште „**Тестирајте го алармот за пожари на пример секој вторник во неделата**“.



# КАКО ТРЕБА ДА ИЗГЛЕДА ЕДНА ВАША ДОБРА ПРАКТИКА ПРЕД СПИЕЊЕ?

» Затворете ги сите внатрешни врати во домот.

» Исклучете ја струјата од сите уреди.

» Чувајте ги клучевите од домот на достапно место.

» Проверете дали сите излезни правци се чисти.

» Секогаш имајте наполнет телефон во близина на креветот.

# ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР ВЕДНАШ ЈАВИ СЕ НА 193 ИЛИ 112

» Не плашете се, не чекајте и слободно јавете се на **193** или **112** ако сте сигурни дека се работи за итен случај, подобро е да бидете безбедни отколку да мора да се извинувате.

» Не ви треба кредит на вашиот телефон за да се јавите на **193** или **112**.

» Дадете колку што е можно повеќе детали за адресата, име на улица или какви било препознатливи информации за локацијата на објектот.






# ЛАЖНИОТ ПОВИК:

Тој ги пренасочува пожарникарите од вистинските ситуации, во кои тие траба да дадат брз одговор, кој ако не се направи, за жал во одредени случаи може да предизвика трагични последици по здравјето и животите на луѓето, нивните имоти и природата.

# ВИДОВИ НА ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА













ГИ УЧИМЕ НАЈМЛАДИТЕ ЗА ОПАСНОСТИТЕ И ПОСТАПКИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ ПОЖАРИ!!!

# ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА



# ОДГОВОРИ ГИ ПРАШАЊАТА

Пополнете ги празните полиња со времето за кое мислите дека е потребно за да изгори секој од предметите и објектите на сликата подолу?







Пополнете ги испрекинатите линии во триаголникот користејќи ги зборовите: **ТОПЛИНА**, **КИСЛОРОД**, **ГОРИВО**

**ТОПЛИНА**

**КИСЛОРОД**

**ГОРИВО**




ГИ УЧИМЕ НАЈМЛАДИТЕ ЗА ОПАСНОСТИТЕ И ПОСТАПКИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ ПОЖАРИ!!!

**Ако има пожар во објектот, треба да излеземе, да останеме надвор и да се јавиме на 193 или 112.**

Можете ли да го најдете вашиот безбеден пат во лавиринтот? Внимавајте на огнот кој блокира некои од патеките!





**1. Ако слушнете аларм за чад во вашата куќа, треба:**
А) Игнорирај го алармот, твоите родители или старатели ќе ја решат ситуацијата.
Б) Викајте „пожар, пожар!" да ги предупредиш другите во објектот, а потоа излези надвор.
В) Излезете надвор што е можно побрзо, ако е потребно и низ прозорецот.
Г) Почекајте некој возрасен да ве пронајде и да излезете со него од објектот.

**2. Кога треба да се јавите на 193 или 112 ако има пожар во објект?**
А) Откако ќе бидете надвор и сте безбедени.
Б) Веднаш за да може брзо да стигне до вас помошта.
В) Само откако ќе се обидете сами да ја изгаснете својата запалена облека.
Г) Веднаш штом ќе видите чад и пламен.

**3. Ако треба да избегате од вашата спална соба поради пожар на првиот спрат:**
А) Земете ја вашата омилена облека и играчки, а потоа брзо трчајте надолу кон првиот спрат.
Б) Почекајте возрасен или пожарникар да дојде и да ве спаси.
В) Проверете ја вратата за топлина користејќи го задниот дел од раката и продолжи внимателно кон излезот.
Г) Качете се на прозорец и скокнете на земја.

**4. Огнот предизвикува многу чад што може да биде многу опасен по вашето здравје. Кој е најдобриот начин да го избегнете вдишувањето на чад?**
А) Спуштете се и почнете да ползите - воздухот е многу почист во близина на подот.
Б) Ставете ја раката над устата и одете нормално.
В) Задржете го здивот колку што можете додека нормално излегувате од објектот.
Г) Не постои начин да се избегне, па затоа не се ни обидувајте, само трчајте!

**5. Што можете да направите ноќе за да го намалите ризикот од пожар во вашиот дом?**
А) Проверете дали сите свеќи и печки се целосно изгаснати.
Б) Проверете дали вратите во куќата се затворени.
В) Исклучете го шпоретот и проверете дали е чист.
Г) Сите горе наведени ситуации.

**6. Дали е важно да го практикувате вашиот план за напуштање на куќата во случај на пожар?**
А) Направете го тоа еднаш за сите да знаат и се надевам дека ќе се сетат
Б) Многу важно. Вежбајте редовно со семејството и укажете и на сите посетители на вашиот дом.
В) Не затоа што пожарите во куќите се многу ретки.
Г) Само ако немате противпожарен аларм за чад во вашиот дом.



Прочитајте ги приказните подолу. Ако мислите дека личноста во приказната го направила правилниот избор, заокружете ✓ Ако мислите дека личноста направила погрешен избор, заокружете ✗

**1.** Татко му на Милан ја заборави кутијата со цигари и запалката на масата. Додека Милан е сам во собата, ја зема запалката, обидувајќи се да проба да види како функционира, но истата му паѓа на чаршавот.

✓ ✗

**2.** Михаил и неговиот пријател пронашле кибрит паднат на земја. Пријателот на Михаил имал претходно искуство со палењето на кибритчиња и се обидува повторно да запали едно, но Михаил го предупредува за опасноста од палењето и на првиот возрасен човек што поминува во близина му го дава кибритот.

✓ ✗

**3.** Ванче седеше во својата спална соба и му беше многу досадно. Мама и тато беа на работа, а сестра ми гледаше телевизија во дневната соба. Ванче реши да види што ќе се случи ако со кибритчињата го запали старото списание.

✓ ✗

На кои броеви ќе ги повикате пожарникарите?



Дали смеете да правите лажни повици ?
Одговорете со ДА или НЕ



Треба ли да се тестираат противпожарните аларми ?
Одговорете со ДА или НЕ



Кој е минималниот број на тестирање на противпожарните аларми во твојот дом во текот на една неделата ?



Ако во секое противпожарно возило има по 4 пожарникари, колку пожарникари ќе има во сите од возилата?

Напишете го одговорот во куќичката



Користете ги вашите математички вештини и напишете колку противпожарни возила има во 5-те задачи.



Која според вас е добра одлука, а која е лоша?
Штиклирајте (означете) во кругчето во зелената или црвената колона за која сметате дека одговорот е точен?

| ДОБРА ОДЛУКА | ✓ | ЛОША ОДЛУКА |
|---|---|---|
| ○ | Ако се најдам во пожар во куќа, треба ли да најдам шкаф за да се сокријам. | ○ |
| ○ | Ако моите другарчиња си играат со кибритчиња, треба да одам да кажам на некој возрасен. | ○ |
| ○ | Ако видам ќибрит или запалка во гаражата, треба да ја ставам во џеб. | ○ |
| ○ | Ако го видам брат ми како си игра со запалка, треба да му ја земам и да му ја дадам на возрасен. | ○ |

Оваа брошура е изработена со поддршка на регионалниот проект „СМАРТ Балкан – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан“ имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ) и финансиски поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Содржината на брошурата е единствена одговорност на ДПД Свети Николе и не мора да ги одразува ставовите на Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Институтот за демократија и медијација (ИДМ) и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

dpdsvetinikole@gmail.com

Цветан Димов бр. 14,
2220 Свети Николе

www.dpd.org.mk

ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО СВЕТИ НИКОЛЕ